## Формулар за потребата од спроведување на стратегиска оцена

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **Генерален урбанистички план на град Скопје 2022-2032** (Одлука за пристапување кон изработка на Генерален урбанистички план на Град Скопје бр. 27-11031/1 од 27.11.2019 година и Договор за изработка на Генерален урбанистички план на Град Скопје 2022-2032 бр. 08-7147/1 од 21.09.2020 година) |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | **Град Скопје** |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | **Совет на Град Скопје** |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | **Агенција за планирање на просторот**<br>**1. М-р Андријана Андреева, диа**<br>**2. М-р Јулијана Ставревски, диа**<br>**3. М-р Маја Д. Лукаревска, диа**<br>**4. Иван Арсовски, диа**<br>**5. Боро Петковски, диа**<br>**6. Петар Манев, диа** |
| Назив на работното место | **1. Директор на АПП**<br>**2. Раководител на сектор за урбанистичко планирање**<br>**3. Планер**<br>**4. Планер**<br>**5. Планер**<br>**6. Пом. Раководител на сектор за урбанистичко планирање** |
| Контакт податоци за лицето | Тел: 02 3 227 244 e-mail: agencija@app.gov.mk |

| |
|---|
| Основни податоци за планскиот документ |
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? |
| **Член 10 од Законот за урбанистичко планирање** („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20) |
| Дали се донесува нов плански документ или се врши измена на постојниот? |
| **ДА**/НЕ - **Се донесува нов плански документ** |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување |
| **Новиот документ се донесува поради усогласување на ГУП со одредбите од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20)** |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |

| | | |
|---|---|---|
| **ДА/ Област: урбанистичко и просторно планирање и користење на земјиштето** | | |
| Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. | | |
| **ДА**/НЕ<br>**Член 3, точка 13** | | |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | |
| **ДА/ ГУП на град Скопје претставува основа за реализација на повеќе проекти кои се опфатени со уредбата.** | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | |
| **НЕ/ ГУП на град Скопје го опфаќа подрачјето на Градот Скопје со површина на планскиот опфат од 8790ха.** | | |
| Да се наведе целта на донесувањето на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | |
| **Планскиот документ се донесува поради усогласување на ГУП со одредбите од Законот за урбанистичко планирање** („Службен весник на РСМ" бр. 32/20). **Одлуката за донесување на ГУП на град Скопје 2022 – 2032 ја донесува Советот на Град Скопје.** | | |
| Предмет на планскиот документ. | | |
| **Планирање на просторот / Изработка на ГУП на Град Скопје 2022 – 2032** | | |
| Периодот за донесување на планскиот документ. | | |
| **2022-2032 година** | | |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање на колку години? | | |
| **ДА/ на период од 10 години** | | |
| Простор или област опфатени со планскиот документ: | | |
| **Подрачјето на Градот Скопје со површина на планскиот опфат од 8790 ха. (Прилог 1: Граница на плански опфат)** | | |
| | ДА | НЕ |
| Целите и/или предлог што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ?<br>**Целите се содржани во Планската програма за ГУП за Град Скопје 2022 - 2032** | • | |
| Дали е приложена копија од целите?<br>**Приложена е копија од целите кои се содржани во незваничната Планската програма за ГУП на град Скопје 2022 – 2032. Званичната верзија ќе биде дополнително доставена, по озваничување на Планската програма** | • | |

| | |
|---|---|
| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали одредени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. | |
| Потенцијални влијанија врз животната средина од планскиот документ. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | **Имајќи ја предвид големината на планскиот опфат и застапеноста на разнородни содржини во него (индустрија, сообраќај, инфраструктура, домување, рекреација, туризам и сл.) ГУП на град Скопје може да има влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето во периодот на неговата важност со фреквентност и повратност соодветна на неговата реализација, а кои ќе се движат делумно во позитивна и делумно во негативна насока.** |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето; | **Реализацијата на ГУП на град Скопје може да предизвика зголемување на загадување на воздухот, површинските и подземни води, почвата и зголемена бучава.** |
| Прекугранична природа на влијанијата; | **Прекуграничните влијанија може да се почуствуваат во зголемено загадување на површинските води** (река Вардар) **се до изградбата на пречистителната станица за отпадни води за град Скопје.** |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | **Ризиците може да бидат предизвикани од природни катастрофи како земјотреси и поплави и од несреќи како резултат на хаварии на производните инсталации, особено од хемиската индустрија.** |

| | |
|---|---|
| Опсег на просторниот обем на влијанијата (географска област и големина на популацијата која ќе биде засегната). | **Влијанијата од реализацијата на планскиот документ освен што ќе ја опфатат површината на планскиот опсег која изнесува 8.790 ха. ќе го опфатат и поширокото подрачје на скопската котлина, а засегнатата популација е околу 800.000 жители.** |

Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: **ГУП на град Скопје 2022 – 2032 ќе обезбеди проширување и развој на деловните и стопанските дејности што ќе овозможи нови вработувања за населението.**

Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесувањето на планскиот документ: **Карактеристиките на Скопската котлина упатуваат на можноста за негативни влијанија на квалитетот на воздухот, подземните води, почвата, бучавата, биодиверзитетот, јавните зелени површини и здравјето на луѓето доколку не се почитуваат принципите на одржлив развој.**

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство; | **Во границите на планскиот опфат егзистира едно заштитено подрачје на природата и повеќе споменици на културата додека пак вон планскиот опфат, во непосредна близина на градот Скопје постојат две природни заштитени подрачја и многубројни репрезенти на културното наследство.** |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности; | **Најизразени надминувања се бележат во квалитетот на воздухот особено во зимскиот период** (надминување на граничната вредност на ПМ 10 и ПМ 2.5). |
| Интензивна употреба на земјиштето; | **Зголемениот интензитет на пренамена на земјиштето за градба може да придонесе до оштетување на јавните зелени површини и намалување на земјоделското земјиште во непосредната околина на градот.** |

| | |
|---|---|
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | **ГУП на град Скопје 2022 – 2032 нема да предизвика влијанија на трите заштитени природни подрачја во градот Скопје.** |

Објаснете степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите: **ГУП на град Скопје 2022 – 2032 дефинира зони на намена на земјиштето, примарната инфраструктура и јавниот интерес.**

Објаснете ја околината во близината на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина: **Реализацијата на ГУП на град Скопје 2022 – 2032 може да има влијанија врз животната средина на граничните подрачја кои се наоѓаат вон границите на ГУП, а се во непосредна близина на индустриските и стопанските зони како и на заштитените природни подрачја кои граничат со просторот опфатен со ГУП.**

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: **Во Планската програма за ГУП на град Скопје 2022 – 2032 се посебно дефинирани програмските цели и барања за просторниот развој на градот во чии рамки се поставени и целите и барањата за потребите од мерки за заштита на животната средина и одржлив развој.**

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност: **Загадувањето на амбиентниот воздух, подземните и површинските води, почвата, бучавата, отпадот, заштитата на природното и културно наследство. Најсериозен еколошки проблем за градот Скопје претставува загаденоста на воздухот со ПМ 10, ПМ 2.5, особено во зимскиот период кое е предизвикано од мобилните и стационарните извори на загадување.**

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена: **ГУП на град Скопје 2022 – 2032 е основниот плански документ за градот врз основа на кој се носат пониските плански документи како што се деталните урбанистички планови. ГУП ги дефинира зоните на**

<table>
<tr><td colspan="3">намена, примарните инфраструктурни мрежи и планските опфати на деталните планови преку кои ќе се реализира ГУП, додека деталните планови детално ги дефинираат условите за градење.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ: ГУП на град Скопје 2012 - 2022 година е претходниот плански документ за кој е спроведена оцена на влијание врз животната средина согласно важечката легислатива и најновите сознанија за влијанијата врз животната средина.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесувањето на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза: Позитивната законска регулатива обврзува на усогласеност на ДУП со ГУП што го контролира Градот Скопје за плановите кои ги носат општините во градот Скопје.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td colspan="2">Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функција, име и презиме и потпис на лицето кое го носи планскиот документ</td><td>Градоначалник на Град Скопје<br>Данела Арсовска<br>______________________________</td></tr>
<tr><td colspan="2">Датум<br>17.05.2023 година<br>Скопје 29. 05. 2023</td><td>РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT<br>М.П.</td></tr>
</table>